ВИЗУЕЛНА ПОЕЗИЈА И МЕЈЛ-АРТ

# ГЛОБАЛНА ГАЛЕРИЈА БЕЗ ЅИДОВИ

***Во издание на Центарот за визуелна уметност „Визант“ од Прилеп се појави Антологијата на визуелна поезија и мејл-арт (2002). Изданието содржи дела на над 100 уметници од триесетина земји. Од Македонија вклучени се: Златко Крстевски, Миле Атанасоски и Виолета Колевска.***

Уште во самиот воведен текст од Антологијата, италијанскиот критичар Руѓеро Маџи го отвора проблемот на „визуелното“, неговата позиција во однос на „виртуелното“ и „електронското“. Според него улогата на компјутерот во создавањето на современата визуелна поезија и мејл-артот (поштенската уметност) се совпаѓа со онаа на моливот или четката: „Сметам дека техниката не смее да биде основниот фактор за уметничките операции, туку само брзо средство во служба на поетската порака“. Комбинирањето на сликата (фотографии, цртежи) и текстот (букви, бројки) е присутна од првата до последната страница на Антологијата. Делата не се подлежни на никаква содржинска или изразна цензура. Нивниот пат до консументот е сосема поинаков од артефактите на „регуларната“ уметност кои според процедурата мораат да поминат низ институционалните филтри. Мејл-артот вклучува најразлични арт-форми кои се разменуваат преку пошта или други сервиси за доставување. Самата форма обработува најразлични содржини со социјален, па дури и политички предзнак, а често и поддржување на критизерскиот став кон конвенционалниот уметнички израз. Самите мејл-арт форми подразбираат поштенски картички и марки креирани или модифицирани од авторот, декорирани коверти, користење на поштенскиот печат, колажот, фотокопијата или вклучување текст и слика, најчесто во вид на визуелна поезија.




Уште на почетокот на XX. век футуристите, дадаистите и надреалистите се служеле со некои форми и техники коишто денес слободно би можеле да се сместат во оваа категорија. Сепак, за основоположник на мејл-артот се смета Реј Џонсон, кој во 1943 година ја започнал „илустрираната кореспонденција“ со еден уметник од Детроит. Подоцна кругот на „визуелни“ пријатели се зголемил и тоа била доволна причина тој да ја основа New York Correspondance School, во 1955 година. Оваа школа за мејл-арт тогаш била прифатена како непријател на институционално признатата уметност, можеби затоа што овој израз се смета за исклучиво либерален во однос на техниките и содржините поради тоа што не бара никакво претходно формално образование, ниту признанија и мислења од критиката и галериите. Уметничкиот продукт не е врзан со материјален еквивалент и станува достапен за сите. Се развил нов начин на арт-комуникација и пренесување пораки, инвентивно заобиколувајќи ги индустријата и серискиата продукција.

Во раните 70-ти, мејл-артот се развива паралелно со перформансот и видео-артот, кои денес се интегративен дел од политиката на културниот естаблишмент. Некои од мејл-арт авторите остануваат доследни на тоа дека нивниот уметнички израз е еден вид „анти-уметност“, сметајќи се себеси за алтернативно гето, опонент на комерцијалните галерии и музеи.

Во поговорот од Антологијата, Виторе Барони го објаснува игнорантскиот однос: „Овој процес заснован на размена невозможно е да се разгледува во некаков комерцијален контекст и му е сосема туѓ на галерискиот пазар. Како последица на тоа, ваквата уметност не го покренува вниманието (освен некои илустративни исклучоци) на критичарите, историчарите и арт-рецензентите.“




Прашањето за еволуирањето на традиционалната мејл-арт појава паралелно со револуцијата на електронската пошта е причина за многу полемики и елективни форуми. Дел од авторите сметаат дека мејл-артот секогаш ќе биде егзактен опозит на мас-комуникациите, во чиј центар ќе биде инвентивниот уметник што ќе ја



1334

користи поштата за да проговори „самиот“ наспроти „сите“. Останатите, пак, стојат на ставот дека мејл-артот во себе го носи потенцијалот на вмрежување, а




идеална прилика за тоа е World Wide Web-от . И сè додека интернетот ја нуди опцијата на кореспондирање еден-со-еден, постои можност за негова електронска трансформација. Интерактивноста се наведува како една од предностите на електронската комуникација во создавањето на делото.

Како и да е, оваа уметност многу ретко е разгледувана како естетски и концептуален производ, туку повеќе како социјален и историски транзит во развојот на формите. Дури се оди дотаму што дел од аналитичарите повеќе се задржуваат и пишуваат есеи за „мрежите и системите на комуникација“, а не за објектот кој се испраќа, а уште помалку, пак, за самите субјекти - авторите.

Мејл-артот е обид преку директната врска „човек-човек“ да се редефинира културното наследство; на функционалното да му се даде естетското и медиумското; да се развие сопствената, интимна култура преку претворање на поштенското сандаче во галерија без ѕидови.

Никола МАЦИРОВ

# ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИТЕ ЗА КРАТОК РАСКАЗ

На ден 10. 02. 2002 година, во просториите на редакцијата на „Студентски збор“ во Скопје, се состана оценувачка комисија за доделување на традиционалната награда на НИП “Студентски збор“ за краток расказ. Наградата се доделува исклучиво на млади автори што немаат објавено збирка раскази.

Оценувачката комисија во состав: д-р Венко Андоновски - претседател, д-р Кристина Николовска и Маја Чанкуловска, од примените 68 раскази едногласно одлучи:

Прва награда да се додели на расказот „Приказничар“ под шифра „Мистик“ на авторот Жарко Кујунџиски

Втора награда да се додели на расказот „Сите точки во животот“ под шифра „Хенри“ на авторот Анета Велкоска

Трета награда да се додели на расказот „Интернет - забари“ под шифра „Видовитиот“ на авторот Анета Велкоска

три откупни награди на:
- расказот „Третата желба на професор д-р Езопова“ под шифра „Тунелче“ на Анета Велкоска
- расказот „Мостот“ под шифра „Илин“ на Сузана Ѓорѓиевска и на
- расказот „Приказна за износеноста“ под шифра „Мистер Мен“ на Каролина Давчевска

При доделувањето на наградите оценувачката комисија се раководеше од следните начела: познавање на раскажувачката техника на кусиот расказ, стилската вештина, тематската необичност, луцидноста, инвентивноста и љубопитноста на авторите.

Пристигнатите раскази покажуваат автори со изразен стилски апетит за експериментирање и во најголем дел покажуваат модернистичко - постмодерна ориентација. Очигледно е влијанието на најпродуктивната светска и македонска белетристичка лектира. Наградените раскази се издвојуваат со највисок степен на зрелост по однос на функционалната (литературна) писменост и стилската вештина.

Со оглед на квалитетот на пристигнатите раскази комисијата и предлага на редакцијата „Студентски збор“ да ги има предвид за објавување и следниве раскази:

- „Приказна за Малиот Човек и неговата куќа“ под шифра „Интергалактичка точка“ на авторот Анета Василева
- „Дваесет и Петтиот Меч на Филемон“ под шифра „Филемон“ на авторот Стојан Николиќ
- „Поразот на Фабри“ под шифра „Аџамија“ на авторот Стефчо Стефанов
- „Насловот е на крајот“ под шифра „Оганче“ на авторот Ристе Попески Димовски
- „Црвената врата“ под шифра „Леди Батерфлај“ на авторот Каролина Давчевска